Народна и универзитетска
библиотека — Скопје
CS IV 2528/72

IV 2528

Нар. и унив. библиотека
„Климент Охридски“
Скопје

Р. — 1993

# ФОКУС

48

14.1.1972 ЦЕНА 1 ДИН.

| КИРИЛ И ЦРНО СЕМЕ ПО ОСКАР | Релевантноста на младинската критика | КОГА ЌЕ ЗАТРЕБА СИТЕ СМЕ АРМИЈА |
|---|---|---|

2c IV 2528/1972





# Релевантноста на младинската критика


Редакција:

Љубиша Никодиновски
Никослав Ивановски
Александар Чомовски
Ристо Петров

постојани соработници:

Спасе Јовковски
Ставре Нолчев
Влатко Коробар
Горан Стефановски
Благоја Куновски — Доре

организација:

Златко Пановски

Ликовно решение:

А. Чомовски

фотографии:

Румен Ќамилов

лектор:

Надица Петковска

гл. и одговорен уредник:

Александар Чомовски

издавач:

Градска конференција на сојузот на младината на град Скопје

адреса:

Градски парк, барака број 2. Скопје

Излегува секоја среда.

тел. 32-170 и 32-010

годишна претплата 20 дин.

печатница „Киро Дандаро“ — Битола

Бројот е заклучен на 29-XII-1971 г.


Наполно е очигледно дека во сите наши разгледувања на младинскиот феномен е присутен фактот на младинската условно да речам експанзија, односно на младинските барања во текот на поминатата, минатата и оваа година. Токму затоа, честопати се прават различни споредувања меѓу движењата во текот на годините во Југославија и оние во другите европски и вонервропски земји. Мислам оти тоа има и свое практично значение за дистикацијата, за согледување на разликата меѓу младинските движења во светот и она што се јавува во последниве години кај нас, затоа што во споменатите споредувања се прави едно шематско, механичко поистоветување на карактерот на младинските движења во светот и младинското движење, односно младинското барање во нашава земја.

Прво, мислам оти младинското прашање треба да се поврзе со еден општ принцип на нашата политичка филозофија. Тоа е принципот дека еден систем се покажува во перспектива и во историска смисла дотолку постабилен, доколку е подемократски, а тоа значи доколку успеал да апсорбира секоја конструктивна критика што му е упатена нему, врз неговите недоследности или можни нови правци на неговото движење и неговиот развиток. Според тоа нашиот политички систем очигледно станува дотолку подемократски, доколку успева навистина да ја апсорбира, да ја проникнува во себе целата критика што му се упатува и притоа немеханички да ја репродукува во ваква или таква форма, туку да го одземе она што е конструктивно а да го одбие она што е деструктивно и врз основа на таквото разлучување да конституира нови односи за натамошниот развиток.

Во врска со ваквиот однос кон критиката и критичната свест мора да се има особено предвид дека млдинската критика или студентската критика е посебно релевантна за ваквиот позитивен развиток на еден политички систем којшто се заснова на демократски принципи и кој треба да одигра револуционерна улога не само во наши национални рамки, туку во интернационални рамки, во врска со натамошниот развиток на социјализмот. Затоа младинската критика е дотолку порелевантна, бидејќи младината како дел на општеството е помалку оптоварена со секакви традиции, а во традициите секојпат има и позитивни и негативни елементи. Меѓутоа, неоптовареноста на младите со секакви традиции е она што е позитивно и негативно на младите како дел на општеството, како негова своевидна совест и овозможува многу повеќе без предрасуди да гледа на целиот систем, а потоа и на одделни негови компоненти, а особено на неговите одделни резултати. Поради една објективна положба младината е секако оној дел на општеството која што е најмалку инфицирана со бирократската свест која секојпат се појавува како ѕид или како пречка во остварувањето на одделни позитивни програмирања на нашиот развиток.

Сигурно кон ова треба да се додаде и идеализмот и борбеноста на младите како посебен дел на општеството во посебна смисла. Младината секојпат е во ситуација да е поборбена, да настапува со поголем идеализам и романтизам, но не идеализам во филозофска смисла. Ова се секако не сите меѓутоа некои од позначајните компоненти во врска со тоа зошто младинската критика е толку релевантна. Затоа ние како авангардно партиско движење би морале секако во иднина можеби уште повеќе да направиме напор таа критика да ја апсорбираме и да ја вклучиме на некој начин во нашата политичка борба.

Меѓутоа, секако би бил еднострaн ако не би укажал и на некои фактори што влијаат врз релевантноста на младинската критика да биде донекаде дерелевантна или намалена. Постојат низа објективни фактори коишто придонесуваат оваа релевантност да биде помалку значајна. Јас сведека ќе ги спомнам само два од овие најелементарните. Ние сигурно дека можеме да имаме поединци коишто се дури и повеќе информирани отколку некои во Сојузот на комунистите. Меѓутоа, во целост младината е помалку информирана со оглед на тоа дека нејзиниот век на живеење, нејзиното време во кое се здобива со разни информации коишто се релевантни за анализа на една политичка и социолошка структура е релативно кусо за да може таа да биде релативно секојпат наполно комплетно информирана за да може и информираноста да биде позитивен фактор во застапувањето на нејзината општествена и политичка критика.



# Голема вода е тоа

Почестите никогаш не се она најважното за вистинскиот творец, уметник. Тоа е само споредна реакција на околината, многу често индиферентно примана од авторот. Но не е тоа така секогаш. Мораме да направиме разлика меѓу уметниците. За некои од нив важно е признанието, наградите, славата. Тие творци (подобро или полошо), но за тоа секогаш имаат своја цена. Тие се професионални уметници. (Живеат од уметноста).

Оние другите — целта на уметничкото делување ја бараат во други насоки. Не прашуваат за цената на своето творење. Тие се вистинските уметници. (Живеат за уметноста). Тие се заљубеници на својот занает, сведоци на својот и туѓиот немир, гордост, радост, болка или спокој. Светот во нив е голем.

„Големата вода“ е еден таков голем немир на Живко Чинго. (Овогодишна награда „Коста Рацин“). Тој е вистински народен човек, со широки чисти мисли. Неодамна на една средба во салонот „19,19“ тој Живко Чинго ги кажа овие неколку реченици:

„Почестен сум поради тоа што овде се собравте и благодарам, иако најискрено овие работи не ги сакам... Ја добив наградата „Коста Рацин“ и... сите трчкараат наоколу, но тоа не е важно. Немојте да мислите дека сум направил којзнае што. Јас така мислам, и така пишувам... Подолго време ја пишував книгата. Знаете и сами кога е некој во криза, не оди сѐ најдобро. Пишував за време кое го познавам, за луѓето пред сѐ. Така тоа е мој мал прилог кон овој народ, чиј дел сум.

И уште да ви кажам... оваа Македонија нема да ја потврдиме со виктотници, со борба за свои претставници насекаде. За различни клучеви и слично, а овде да не обрнуваме многу внимание... Или пак тоа да го правиме со разни „Госпоѓици Стон“ и слично. Тоа не. Македонија никогаш не била голема сила, не била ни економски силна, ни влијателна. Она што досега ги држело Македонците биле чувствата и културата. И само така, со нашата уметност можеме најубаво да се претставиме надвор од границите... Само со нашето творештво. Треба да бидеме поширoки, отворени. Јас го направив она што сметав дека можам да го направам. И не направив многу. Ако сите ние по малку нешто направиме, тоа ќе биде голема работа...“

Ова се најубавите реченици што сум ги слушнал од некој македонски писател. Тоа е така пред сѐ поради искреноста и непосредноста на кажаното. Во тоа не може никој да се сомнева. Чинго е ослободен од предрасуди, и совршено му е јасно каква е неговата дејност и какви се неговите „заслуги“. Чинго е сепак најголем во својата скромност, но таа „скромност“ не е онаа вообичаена, банална, но тоа е нешто повеќе — одраз на неговата душевна широчина и свесност за можностите на една единствена единка. Постои поговорка „Качи го некого на коњ за да видиш каков е“. Живко Чинго се качи и покажа каков е. На таквиот Живко Чинго многумина можат да му завидуваат.

ЗОРАН ЈОРГАЌИЕСКИ

# Долу квазиинтелектуализмот

„Теоретичарот“ на „Студентски збор“ Василие Димески пишува во еден од минатите броеви на овој весник нешто што би требало да биде есеј или негова имитација, сеедно:

„... Помислата дека остануваме на почетокот не е ништо друго но немоќ да се спротивставуваме со самата дефиниција со која би го ограничиле дејството на првото осознавање од една и од друга страна потклекнување пред непознатото, пред нејасно-разбирливите патишта што водат надвор од таквиот почеток, пред крајот што постои единствено како имагинарна совест на секој откривач, на секој трагач по непознатото, без разлика на неговите реални можности да го согледа вистинскиот пат, вертикала по чија височина не би можеле да се согледуваат и објаснуваат самите докажани нешта; односно вистинската можност за набљудувањето би се движела надолу од нејзината моментна кулминација, додека посматрањето во спротивен правец би претставувало само нејасно, лабилно разоткривање, насетување на нештата условени од т.н. крајна фаза на самиот почеток...“

Мошне му е тешко на човекот во овие ваши квазиинтелектуални координатни системи, другар Димески, тешко му е не само за разбирање (впрочем тука нема ништо посебно), туку и за голо прочитување. Вашите рефлексии, кои заправо не се тоа, се само заради Вас, да си докажете дека умеете да се занимавате, (или да си вообразите дека умеете) со таква работа како што е мислењето по цена дури и на тоа да не бидете разбрани. Но, зад сета оваа накитена фасада на лажниот интелектуализам не се гледа, за жал на вашето изгубено време, ништо, сосем ништо.



# За спомен на времето на не-театарот „Кактус“

Драги мој другар Васил Ќортошев!
Со огромен интерес го прочитав твојот интервју (разговор пред премиера) објавен во „Нова Македонија“ од 14 ноември 1971 година.
Не бев изненаден, иако бев горд, што си се послужил со мене и со другиот твој другар Унко за да ја одредиш својата театарска платформа, говорејќи притоа за „идеолошките“ разлики меѓу нас. И покрај сето, не ми е јасно на која „идеологија“ ѝ припаѓаш ти?!
Не бев изненаден и од тоа што твојата платформа се застапува за:
— театар без подлабока порака;
— театар без политика (аполитичен театар?!);
— театар што разонодува и растеретува;
— театар што не е ниту модерен ниту авангарден (треба ли тоа да се сфати како ти да сакаш да правиш застарен и конзервативен театар?!);
— театар правен врз драматургија на цивилизирана реченица;
— театар без поголеми тенденции за поучување и морализирање;
— театар што не сака да го менува општеството...
Не бев изненаден од тоа што ти се застапуваш за театар што некои едноставно го наречуваат „булеварски театар“, театар на забава, театар на „статус кво“, театар за „цивилизираните“...
Но,
бев вчудоневиден од твојот прометејски обид да создадеш идејна платформа за таквиот театар! Тоа досега никој не успеал да го стори. А ти платформата ја пронајде во нападот против „театарскиот екстремизам“ на оние од кои си се оддалечил! Најмногу бев вчудоневиден од твоето манипулирање со имињата на Озборн, Арден и Вескер (ти била потребна поткрепа за платформата?). Манипулација што не е фер, зашто тие не можат да го прочитаат она што ти им го импутираш и да се одбранат од твојот обид да ги стерилизираш.
Со бескрвниот и цивилизиран Питер Шефер од неговата „Црна комедија“, Арден, Озборн и Вескер немаат ништо заедничко. Тие никогаш не се откажале од политичкиот ангажман во театарот, никогаш не се откажале од менувањето на светот, во што ти се обидуваш да нѐ увериш?! Џон Арден е познат како продолжувач на Брехтовата традиција на „епски и поли-



тички театар", Џон Озборн е симбол на „гневната генерација" (неговата најпозната драма се вика „Обѕрни се во гневот", а последната „Западно од Суец"). А Вескер? Зар во „Дадов" не ја гледавме неговата драма за суровите односи во армијата на Британското кралство?!

Сметам дека злосторство е на овие автори да им се прилепи дека ги карактеризира „цивилизирана реченица". А нивните дела се полни со „сленг", гневен и непристоен, гледано од аспектот на „цивилизираните"... А токму против „цивилизираните" пишуваат Озборн, Арден и Вескер!!!

До следното „идеолошко" разидување
твој
Владимир Милчин

# Културна критика со некултурни последици

Не треба човек да биде многу голем познавач на театарот па да заклучи дека во нашава средина работите се далеку од тоа да бидат на едно достојно ниво, барем кога се однесува за двете театарски куќи во нашиот град. Стерилната репертоарска политика, ниското професионално ниво на претставите (некогаш зачудувачки) се секако причина што скопската публика, за жал, пројавува сè помал интерес кон театарот. Но, за сликата да биде покомплетна, овде ќе зборуваме за театарската критика како суштествена компонента во сегашнава криза во театарскиот живот кај нас. Имено, се работи за критичарот Иван Мазов, долгогодишен критичар на „Нова Македонија" и неговата рецензија на последната премиера на претставата „Што виде собарот" од Џо Ортон во режија на Тодорка Кондова — Зафировска, објавена во новиот културен петнаестодневник „За македонците работи". А еве како Иван Мазов пишува критика: Во почетокот доаѓа широка информација за авторот на драмата во што е замешан Фројд затоа што сега е модерно меѓу лажните интелектуалци сè што е во врска со сексот и неговите настраности задолжително да се сврзе со Фројд и покрај тоа што сето тоа нема врска. Понатаму следат два-три збора за некоја битолска претстава од Џо Ортон и за морбидноста во неговите комедии иако тој бил поблиску до Фејдо. Потоа доаѓа режијата за која Иван Мазов употребил сè на сè две реченици. Навистина во онаа брканица на сцената човек тешко може и да зборува за некаква режија, меѓутоа ако човек претендира да биде добар критичар, без сестрана и длабока анализа на режијата неговата работа ќе биде млатење празна слама. Понатаму доаѓаат артистите со оние познати клишиња: „солидна професионалност", „спонтан гег", и сл. Завршува како обично со сценографија за која вели дека е правена со јасна цел и ненаметливост и рационална функционалност.

Ете тоа е сè. И сето тоа се повторува многу, многу пати во критичарската работа на Иван Мазов, но сето тоа е далеку од критериумите за една театарска критика.

Гостувањето на младиот белградски виолинист и добитник на втората награда на годинешниов БЕМУС Јован Колунџија во нашиот град ја исполни салата на Драмскиот театар до последното место, што е навистина реткост во нашиот музички живот. Ако претпоставиме дека половината од таа маса им припаѓа на снобовите, сепак остана онаа другата половина вистински љубители на добрата сериозна музика, што сепак е успех. Меѓутоа, иако дланките беа предодредени за аплаузи кон овој млад и талентиран музичар, сепак многумина од онаа вистинска публика останаа незадоволни. Мошне тешка определба е да се рече дека настапот на Јован Колунџија во нашиот град не успеа. Тоа практично и не би одговарало на вистина. Меѓутоа тој во секој случај не беше „едно вонредно концертно доживување, прво во досегашната концертна сезона", како што тоа го вели критичарот на „Нова Македонија" Владо Чучков. Како долгогодишен музички критичар споменатиот Владо Чучков сигурно морал да ги забележи оние несигурности и лутања на младиот виолинист, особено во првиот и третиот став во Брамсовиот концерт за виолина и оркестар во Д-дур. Исто така мошне илустративно беше дека Јован Колунџија сè уште нема чист тон, особено кога требаше да се свири на повеќе жици што доведуваше до задушување на благородните звуци на виолината. Треба уште да се напомене дека Брамсовиот концерт е мошне тежок за еден солист и дека бара феноменална техника особено во каденците. Јован Колунџија веројатно никогаш послабо не свирел во својата кратка музичка кариера и би било многу повоспитно кога веднаш би му ја кажале вистината, наместо да му доделуваме комплименти без основа. Скопската публика, говорам за вистинската, веројатно се сеќава за настапот на многу помалку фаворизираниот виолинист Тибор Ласло во истиот Брамсов концерт што навистина беше вистинско вонредно концертно доживување.

Ниче Ивановски



# За револуцијата

Квалитетните промени во човековата историја ги нарекуваме револуција. Револуционерните промени најчесто биле објективни. Објективноста на револуцијата го поставила и прашањето дали човекот е вон секоја позната идеологија. Научниот социјализам дал одговор на ова прашање, воспоставувајќи дијалог со човековото минато и иднина. Марксизмот ја менувал сегашноста со поимот револуција. Секој обид револуционерноста на научниот социјализам да се сведе на догма, претставува израз на крајна реакционерност и нехуманост.

Револуцијата не смее да биде цел сама за себе. Подобриот живот на човекот е цел на секоја револуција. Да се креираат политички и економски услови кои ќе му овозможат на човекот сам да ја креира својата иднина и условува својата егзистенција. „Човекот не смее да биде заборавен во револуцијата, таа мора да ги почитува неговите манифестации на свест и определување. Револуцијата мора да претставува основа за хуманиот и бескласираниот човек. Револуционерите го почитуваат минатото на своите непријатели, свесни дека и самите ќе бидат негација. Најголем предавник на револуцијата е оној што го убива и деградира човекот во нејзино име, оној што се враќа и го потврдува класното со својот живот. Револуцијата е субјективна филозофија на дејствување и промена. Правите револуционери не смеат да си дозволат еден ден ваква изјава: „Револуцијата е мртва, ние не бевме на нејзиниот погреб, и не забележавме кога умре". Правата револуција започнува кога новото општество е изброено.

Револуцијата претставува дејствие на момент, но нејзините резултати се трајни. Средствата не ја прават социјалистичка револуција голема, резултатите се тие што ја носат нејзината револуционерност. Револуцијата може да биде голема само ако:

— воспостави дијалог со целокупната човечка дејност
— постојано ги наградува своите резултати кои никогаш не се завршени
— ја зачува човековата субјективност и слобода
— способна е да биде сопствена негација

Понекогаш е полесно да се изведе една револуција, отколку да се исполнат нејзините цели, придобивки и да се зачуваат резултатите. На револуцијата не ѝ суди времето, туку човекот.

Оливер Б. Попов

# НЕКОИ ИДЕОЛОШКО ПОЛИТИЧКИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ТРИБИНА НА МЛАДИТЕ КОМУНИСТИ ОД СКОПЈЕ



## I

Проблемот за односот на младата генерација и Сојузот на комунистите не може да се одлага во недоглед. Сојузот на комунистите не може рамнодушно да го гледа процесот на формирањето на младата генерација надвор од идејно-политичката платформа на СК. Не можат да се прифатат ни старите методи за индоктринизација на младите. Единствениот начин за социјалистичко воспитување на младите е овозможувањето на здружен и перманентен дијалог на сите креативни сили во СК со целосно и одговорно вклучување на младите.

Веќе денес е очигледно дека СК во Скопје не ќе може да ја оствари улогата на раздвижувач на општествената акција за отворање на перспективата, на кохезиона сила, на обезбедувач на социјалистичкиот курс, доколку ја нема вистинската, секојдневната и енергичната поддршка на младите. Но, сигурно е и тоа дека СК ја нема доволно подготвено младината со марксистичко-ленинистичко оружје за класната и социјалната борба денеска. Тоа е последица, меѓу другото, на идејно-политичката криза во СКЈ. Индиферентноста спрема тоа што се случува со и меѓу младата генерација во политичкиот, економскиот и општосоцијалниот живот ја открива опасноста и загриженоста за утрешнината на југословенскиот самоуправен курс. Ангажирањето на младите како активни соборци во борбата за едно перманентно и динамично движење — за борбата и изборувањето на социјалистичките сили и односи, треба да е свесен и организиран процес кој ќе го раководи Сојузот на комунистите.

Затоа, ние сме вонредно заинтересирани врз нашите денешни дебати, заклучоци и акции младите да имаат максимално влијание и придонес. А потребата од постојаното комуницирање, дијалог и конфронтирање на сите политички субјекти, оптималните анализи и синтези, сето тоа е дел од концепцијата на СК и нашите упорни инсистирања за вистинска демократија на неговите севкупни односи.

## II

Трибината на младите комунисти од Скопје е една од формите што ќе обезбеди активно учество на младите во остварувањето на улогата на СК. Таа ќе работи врз подготвувањето на младите луѓе за нивно поцелосно учество во остварувањето на револуционерните задачи кои произлегуваат од програмата на СКЈ, Програмските насоки на СКМ и Акционата програма на Градската конференција на СКМ. Младите членови на СК преку неа ќе бидат постојано во тек со настаните во СК и општеството, ќе нудат решенија и ќе бидат во состојба да преземаат свој дел од одговорноста за непосредноста и ефикасноста на дејствувањето на СК во срединиите каде што живеат или работат. Преку неа ќе се формира и потврдува ангажираната свест на младите од Скопје, не опортунистичка и декларативна, туку осознаена свест за општествената вистина и тежината на секојдневната класна борба. На тој начин ќе се врши и влијание врз дејствувањето на Скопската партиска организација и Градската конференција на СКМ. Трибината како израз на интегрално комуницирање на младите, низ создадениот максимален простор, ќе доведе до нови сознанија и заклучоци кои што ќе вршат постојани трансформирања на политичкиот организам на СК.

Врз тие принципи, со трансформирањето на немирот и бунтот на младите во акција на СК, тој ќе биде поспособен да реагира на животните интереси на работничката класа, да ги трансформира овие животни интереси во политички ставови, да ја прошири и динамизира идејната акција и борба. Тоа е можност и шанса за СК во Скопје да биде постојано присутен меѓу младите, младите во него да ја бараат животната цел, да влегуваат во СК, во акција и борба, да се одржува нужниот континуитет на сите генерации кои биле, се и ќе бидат чинители на југословенскиот самоуправен курс, на неговиот секојдневен општествено-политички живот. Тоа треба да овозможи и побрзо диференцирање на силите во СК и надвор од него, да врши аналитички сознавања, димензионирања, лоцирање и идентификување на сите конзервативни, бирократски, технократски и други сили и на тој начин ќе се создава конкретна јасна слика и основа за акција и определување на комунистите.

## III

Дебатата ќе биде основна активност на трибината. Таа ќе се остварува во контакт со претставниците на политичкиот, економскиот, општествениот, културниот, образовниот и научниот живот во Скопје, Републиката, Југославија, како и со претставниците на напредното работничко, младинско и студентско движење надвор од Југославија. Дебатата ќе се остварува во форма на проблемско или тематско пристапување, во зависност од иницијативите на младите комунисти од базичните организации на СК, согледувањата на Комисијата за СК и младината, за актуелноста на темата во моментот и годишната програма на Трибината. Советот на членовите на Трибината ќе биде променлив. Секое заседание на Трибината ќе биде во нов состав.

Постојани членови на Трибината се членовите на Комисијата за СК и младите на Градската конференција на СК, како и младите членови на ГК СКМ. Трибината ќе брои околу 300 членови делигирани по клуч кој ќе го одреди организациониот одбор.

# СОЦИЈАЛНА (НЕ) ЕДНАКВОСТ

**ОД НЕОДАМНА ВО СИТЕ ФОРУМИ И САЛИ КАДЕ СЕ ОДРЖУВА СОСТАНОЦИ ЗА ПОЛОЖБАТА НА НАШАТА РАБОТНИЧКА КЛАСА, КАКО И ЗА ТОА ДО КАДЕ СМЕ СТИГНАЛЕ ВО ИЗГРАДБАТА НА НАШИОТ САМОУПРАВЕН СОЦИЈАЛИЗАМ, СЕ ПОСТАВУВА ПРАШАЊЕТО ЗА СОЦИЈАЛНАТА НЕЕДНАКВОСТ**



## ДИВЕРГЕНТНИ СТАВОВИ

Присутноста на овој поим (појава или одблесок на реалноста) во нашата средина, на овој степен од нашиот развиток, е неопходно нужен и неговото суштествување е во согласност со принципите врз кои се изградува нашето самоуправно социјалистичко општество. Уште поконкретно: социјалната нееднаквост е директна надградба на принципот „на секого според вложениот труд“. Социјалната нееднаквост, која е резултат од примената на овој принцип, не создава погодно тло за политичка противречност и политички потреси. Таквата социјална нееднаквост не доведува до големо раслојување помеѓу населението, а со тоа и до раѓање на два антагонистички спротивни слоја. Само така поставен овој феномен наоѓа свое оправдување.

Таков е ставот на оние кои стојат зад „нужноста од суштествување на овој феномен“.

Меѓутоа противниците на ваквото сфаќање можат да наведат исто така доста аргументи (ако не и повеќе) за тоа дека суштествувањето на една ваква појава во општество кое се декларира како социјалистичко, е доста штетна. Тоа е негативен плус во нашето општество. Тоа е нешто туѓо на социјализмот, реставрација на стариот однос својствени на општеството кое за нас е минато.

Во прилог на ваквиот став се наведуваат и резултати на социјалната нееднаквост: раѓање на социјално раслојување на населението (диференцијација на поимотни — богати и понеимотни — сиромаси). Ваквата диференцираност во овој момент достигнува степен на загрижување. Натаму ваквата појава негативно делува на помладите генерации. Особено на оние чии родители имаат минимални лични доходи. Таквата појава доведува тие да се чуствуваат отфрлени. Нивното формирање како граѓани на социјалистичка држава нема да го препознаеме како такво.

Појавата на социјалната нееднаквост вака сфатена, повеќе го кочи отколку што го развива нашето социјалистичко општество. Со самото тоа даваме и лош пример на државите кои се стремат да бидат она што сме сега ние.

## НЕШТО ЗА НИВ

Ваквите дивергентни ставови секој за себе наоѓа оправдување во она што го тврдат. Определувањето за првиот став не значи дека вториот треба да се потцени. Вториот став, бришење на социјалната нееднаквост, може да го исклучи првиот но тоа само во подруги општествено-економски прилики.

Оние што се за постоењето на социјалната нееднаквост тргнуваат од веќе спомнатиот принцип „на секого според вложениот труд“. Тоа значи дека резултатот на трудот го детерминира личниот доход. Различен труд различни доходи. Довде е во ред. Ваквото становиште наоѓа свое оправдување.

Меѓутоа појавата на еднаков труд односно позитивно различен труд награден со негативно различен доход и на него изградената социјална нееднаквост. Ова значи и отстапување од принципот секому според вложениот труд. Овде имотната корист се заснова на невложен труд. Во ваква ситуација другиот работник не добива противредност за својот вложен труд. Поточно тој добива помалку отколку што вложил.

Причината за ваквата положба најчесто е монополистичката положба на некои стопански организации, технократизмот и др. слични појави. Нелегални причини се: стопанскиот криминал, мито, корупција, кои што сите заедно претставуваат неосновано збогатување.

Спротивниот став од ставот на протагонистите, кои тргнуваат од неопходноста и нужноста на постоењето на социјалната нееднаквост, тргнуваат од негативностите, поточно од извитоперувањата на принципот секому според вложениот труд. Кај нив овој принцип е модифициран во принцип „секому според невложениот труд“. Овој вулгаризиран принцип како база за стекнување на доход раѓа социјална нееднаквост, која што сфатена само како таква го оправдува ставот на оние што се за ликвидирање на оваа појава.

## ТРЕТ МОДУС

Третиот модус (или излез од претходните два става) е за ликвидирање на извитоперувањата на принципот „на секого според вложениот труд“ а со тоа значи и до ликвидирање на социјалната нееднаквост стекната врз таа основа (со ова се доближува до вторите) и останува на социјалната нееднаквост заснована на принципот „на секого споеред вложениот труд (тука се доближува до вториот).

Третиот модус не е за тотална ликвидација на социјалната нееднаквост, бидејќи материјалните услови сè уште не го дозволуваат тоа. Значи постојат објективни пречки за една таква тотална акција за ликвидација. Но ова не значи дека треба да не се дејствува.

Социјалната нееднаквост е процес кој одумира паралелно со одумирањето на принципот „секому според вложениот труд“, за конечно да ја нема во општеството во кое како основен принцип ќе доминира принципот „секој според своите способности на секого според неговите потреби“. Тогаш ќе можеме да го отфрлиме она проблематично „не“ пред нееднаквоста.

**Ристо ПЕТРОВ**







# Политичко ангажирање по инерција

Нема сомневање, изминатите неколку недели општествено-политичките организации во нашата земја имаа таква активност, каква што некои од нив немаа во текот на целата измината година.

Слушнавме толку многу искажани ставови, решителност и бескомпромисност!

Сојузот на младината не можеше да не се вклучи во масовната општествена раздвиженост, во заземањето ставови и оценувањето на „најновата ситуација". Се разбира, се вклучи во широката општествено-политичка активност со свои оценки и погледи, со сопствена спремност да се отвори фронт против антисоцијалистичките и антисамоуправните сили во општеството, кои последнава година особено станаа опасно евидентни.

Но, не се работи ли за „ангажирање по инерција"? Не може да се зборува за униформност на гледиштата само заради фактот што Сојузот на младината има идентични ставови со сите други општествено-политички организации. Не може да се тврди дека сегашното ангажирање на младинската организација е „по инерција" само заради тоа што во овој политички момент таа организација се придружи кон општото расположение и истовремено ги изнесе своите погледи.

Но, она што нè наведува на ваков заклучок е фактот што организацијата која претставува една третина од граѓаните на нашата Република досега само ги повторуваше ставовите на другите организации или се согласуваше со нивните оценки, кога тоа се бараше од неа или кога тоа го бараше политичкиот момент.

За среќа, не сме општество кое очекува по инерција да се движи напред. Не сме бескласно општество. Никогаш не криевме дека имаме сериозни проблеми во општествениот развиток, имаме сериозни тешкотии во реализирањето на една — теоретски — без малку совршена концепција на општественото егзистирање.

Бевме сведоци на бројни инциденти во политичкиот живот, особено после прифаќањето на уставните амандмани.

Меѓутоа, за целото време од усвојувањето на амандманите, односно откако зачестија политичките ексцеси, Сојузот на младината направи само едно: се изјасни за прифаќање на амандманите. Се разбира, се заложи и за нивно доследно спроведување во живот, како што е ред.

Во претставничките форуми често се зборуваше за општествените деформации, како што е корупцијата и митото. Често се покренуваше прашањето за одговорноста на јавните општествени работници. Сè уште има несогласувања околу прашањето на девизниот режим, надворешно-трговскиот систем, има неиздиференцирани ставови околу начинот на помагање на недоволно развиените подрачја.

Статусот на приправниците е болна точка за сегашните студенти кои се на прагот на стопанските институции. Студентите на медицина бараат да им се наградува трудот додека се на нивниот едногодишен задолжителен стаж. Се зборуваше за постоење на деструктивни сили во политичкиот живот, за конзервативци кои бараат враќање на етатистичкиот метод на пресметнување со противниците на социјализмот.

Непотребно е да ги набројуваме сите отворени проблеми — помалку или повеќе интересни за младината, за да покажеме каде требаше да се слушне „гласот на младината".

Има ли, конечно, проблем од општествен интерес кој не е од интерес и за младината? Сојузот на младината има свои раководни, избрани тела кои се ДОЛЖНИ да ги следат сите настани во општествениот и политичкиот живот и да ги изнесуваат ставовите и оценките на младината.

Се разбира, пред да биде политичкиот момент таков, за да треба да бидат искажани тие оценки. Не треба да се чека некој друг, постар или поискусен да ѝ каже на младината „како да гледа на работите".

Довербата што младите му ја искажуваат на своето раководство секако значи обврска да се каже створено она за што младината е заинтересирана.

Немаме илузии дека само со заземање ставови и искажувања оценки Сојузот на младината ја извршува својата општествена должност. Ни најмалку. Тоа е само израз на расположението на младината. Тоа се декларации, а тие мораат да станат конкретна акција.

Постои уверување дека една од најзначајните причини — или предуслови, можеби, за честите конфликтни ситуации е декларирањето — без да се оневозможат оние деструктивни сили кои често се спомнуваат, а во поново време и се дефинираат. И, како, конечно, може да се бори младината со деструктивните сили, ако не ги познава, ако не ѝ се познати методите на тие сили?

Последниве недели бевме сведоци на многу оставки како израз, не на антисамоуправно и антисоцијалистичко дејствување (а имаше и со таква мотивација), но како резултат на досегашното неспроведување во живот на декларациите, неодлучноста за нивно спроведување.

Можеби тоа го очекува и нашата младина — од своите избрани претставници во раководните форуми на својата политичка организација?

Спасе ЈОВКОВСКИ



# КОГА ЌЕ ЗАТРЕБА СИТЕ СМЕ АРМИЈА

„На 22 декември 1941 година на плоштадот на малото место Рудо се построија околу илјада борци од 16 до 50 и повеќе години. Гледав пред себе веќе стари прекалени војници и покрај нив младинци и младинки, меѓу кои многу уште беа деца. Им зборував за тоа зошто ја создадовме оваа пролетерска единица и какви мораат да бидат нејзините борци, и зборував за улогата која таа ќе ја има и за тешките борби кои ни претстојат, за сигурната победа над окупаторите и домашните издајници и за среќната иднина која ги очекува нашите народи — цели за чие остварување не смееме да жалиме никакви жртви".

Тоа се сеќавања на другарот Тито. Денес, триесет години покасно во тоа исто Рудо на истото плоштадче пак одекнуваат зборовите на другарот Тито пред традиционалната Прва пролетерска бригада, пред некогашните борци и пред нас младинскиот одред „Братство единство". Тоа е нешто што возбудува, што нѐ враќа назад и при што нѐ обзема некоја сета. Мигот е неповторлив. Како ли тоа го чувствуваат некогашните борци на кои Тито тука им зборувал пред триесет години? А како граѓаните? Ова мало место сега има околу 2.500 жители, а некогаш многу помалку. Во длабочината под градот шумоли Лим, а на другиот брег е стариот дел на градот (местото за прв пат се спомнува 1416 год.). Сега за дојдените многубројни гости (околу 10.000) градчето е сето на позе. Имам чувство дека секој жител е вклучен во пречекувањето на гостите, во уредувањето на градот, во снабдувањето, во обезбедување сместување и легла, во информирањето и многу важно во љубезноста. Основното училиште „Прва пролетерска" и гимназијата претворени се во хотели во кои се сместени младинци од сета Југославија. И сите облечени во воени униформи. А колку интересни познанства.

Бранка Поповиќ (Фоча): „Веома сам срећна јер сам упознала много добрих другова".

Иван Милат (Загреб): „Част ми је што сам могао претстављати своју Републику, Хрватску. Желим да докажемо омладини из других Република да је у Хрватској огроман дио омладине за Титову политику, за сурадњу и за братство наших народа".

Родољуб Настески (Кичево): „Пријатно ми е и возбуден сум што дојдов на изворот на нашата револуција".

Цирила Боровшек (Храстник): „Зело сам срећна кер сем лахко пришла на том срећање. На такших срећањих најбоље кујемо Братство јединство".

Така рекоа Бранка, Иван, Родољуб и Цирила, но слично на нив мислеа уште стотици од дојдените членови на младинските борбени единици. Командант на младинскиот одред е Момчило Јововиќ.

Пред врховниот командант построени беа 1.199 борци. Низ војната многу од нив гинеа и составот на Првата пролетерска често се менуваше (од 480 преживеани борци во Рудо сега се присутни 320). Првиот командант беше Коча Поповиќ, а комесар Филип Кљајиќ — Фиќа. Оттогаш Првата пролетерска стана симбол за Братство и единство.



Војната е помината, и денонќните маршеви без сон и одмор, и гладта, офанзивите и смртта. Поминато е — да не биде повеќе — се заорија песни. И дојде младината да се учи на примерите на оние чии животи се прекинаа тука, наоколу, под високите гори, суриот камен, во брановите на планинските реки. Да не се повтори но и да не се заборави. Затоа сме ние тука. Затоа и построени сега го слушаме „најсаканиот другар" (како некој се изрази):

„... Со сѐ поголемите и почести борби, ние сѐ повеќе расневме бројно. Паѓаа животи, гинеа луѓе, но доаѓаат сѐ нови и нови борци. Ретко која армија во светот одеше од борба во борба со песна на усните, како што одеа нашите партизански одреди, нашите бригади и нашите дивизии..."

„... Би сакал да кажам дека силно сум огорчен оти денес на некои наши културни и научни институции, на Универзитетите па дури и помладата генерација се наоѓаат некои што ги потценуваат и ги заборават придобивките на нашата Револуција..."

Не ретко Титовите зборови ги прекинува аплауз. Околу домот на културата каде Тито зборува, на плоштадот искитен со знамиња мноштво жители од Рудо и од околината. Нашиот младински одред е во средината пред споменикот. Наоколу забележувам вакви транспаренти: „Живјело братство јединство", „Првата пролетерска наш понос", „Живио друг Тито", „Армијо срећан ти рођендан" итн. итн. И пак низ молкот во градчето се разлеваат зборовите на претседателот Тито. Денешната политичка состојба е постојано доминантна. Затоа ќе беа ретки и вакви предупредувања:

„... А и нашите редови мораме да ги прочистиме. Ако сме и помалку сепак можеме да бидеме поефикасни отколку да нѐ има многу, но секакви. Тогаш единството на мислата и акцијата ќе доаѓа до израз. Според тоа ќе мораме да работиме нашиот Сојуз на комунисти да биде цврст, силен...

... Кога зборуваме за тоа дека работничката класа и е најсилен фактор во борбата против класниот непријател и против сите противници на самоуправниот социјализам — мора на крајот на таа работничка класа да ѝ се обезбеди она што постојано ѝ се ветува..."

Кога говорот заврши претседателот Тито, бурно поздравуван пак се приближи кон нашата младинска единица.

Тогаш сложно запеавме:
„Друже Тито, ми ти се кунемо
ми ти се кунемо,
Да са твога пута не скренемо
пута не скренемо..."

Тоа беше и нашиот поздрав, и нашето ветување, нашата доверба и благодарност, за сѐ што Тито го кажа. Од градот — славеник другарот Тито доби „Повелба на благодарност и повелба за оснивањето на Рудо". Веројатно во Рудо никогаш немало толку многу гости како овој ден. Попладнето низ плоштадчето вриеше од луѓе. Се одржа вистинска народна веселба.

Предвечер кога со нашиот автобус тргнавме на долгиот пат кон Скопје на една куќа ја прочитав паролата: „Кога ќе затреба сите сме армија".

22.XII 1971 Рудо

Војнички ве поздравува сепцијалниот известувач

Зоран Јорѓакиески

# „АНТОНИО ОД МРТВИТЕ"-ПОЕЗИЈА НА ВИОЛЕНТНОСТА

Во општата светска кинематографска поделба, покрај водечките: европската и американската, во најново време сè поприсутна е таканаречената кинематографија на третиот свет — во која спаѓаат филмските производи на јужно-американските, африканските, азиските и други режисери вон Америка и Европа. Во рамките на тој најмлад филм (синема ново) — филм од третиот свет — денеска сигурно водечко место зазема бразилскиот режисер **ГЛОБЕР РОЧА**. Тој со своите филмови не само што им се придружи на најеминентните светски автори, туку на извесен начин внесе и нов ритам во развитокот на филмската режија како и во функцијата на филмот во животот на една нација чиј производ е.

Снимајќи ги своите, политичко-социјални, мошне провокативни филмови, во земја каква што е Бразил, режисерот **РОЧА** го ризикува дури и своето физичко присуство во таа земја, во смисла да биде затворен, осуден или протеран. Но оваа негова камиказе улога, говори за големината на неговото авторско кредо, како и за неговата ангажираност. За жал, од четирите филмови што тој досега ги снимил, до нас доаѓа само последниот филм — **„АНТОНИО ОД МРТВИТЕ"**. Другите три филма се: **„БАРАВЕНТО"**, **„ЦРН ГОСПОД, БЕЛ ЃАВОЛ"**, и **„ЗЕМЈА ВО ТРАНС"**. Овие филмови, фактички и не се откупени од југословенските дистрибутери. Според тоа, единствено останува утехата дека филмот **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** претставува синтеза на сето она што Роча го обработуваше во претходните филмови (како што вели тој во едно интервју).

Филмот **„АНТОНИОТ ДАС МОРТЕС"** е вистинско уживање за синеастите. Отворено говорејќи, овој филм за обичната публика е потешко разбирлив. Тој од гледачот бара максимална сконцентрираност, следење на секој дијалог, откривање на секој симбол во него, „читање" на монтажата и на движењето, на камерата или внатре во кадарот. Овој филм е нагласена парабола, изградена од низа симболи кои ескалираат кон една акутна симболика. Во сето тоа, политичко-социјалните импликации, во поттекстот на филмот, имаат свое суштествено место. Пред сè за разбирање на филмот треба најнапред да се расчистат неколку историско-митолошки поими, кои се откриваат и разјаснуваат во самата фабула.

Централната личност — Антонио е **ЈАГУНЧО** (платен убиец на **КАНГАСЕИРИТЕ** — борци кои се некаква мешавина од ајдутите и самураите. Кангасеирите не се чисти разбојници, тие во себе имаат нешто витешко, благородно и во филмот **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** се прикажани како борци за правата на народот — **СЕРТАО**. Антонио, како таков, е изнајмен од земјопоседникот — **КОЛОНЕЛ** — кој преку својот шериф сака да го уништи револтот на народот предводен од кангасеирата. Сè уште присутната средновековна опресија во неразвиениот бразилски североисток — во филмот ја претставува: земјопоседникот — **КОЛОНЕЛ** (симболично слеп — што е сугестија за секоја власт како слепа). **КОЛОНЕЛ** е шеф на силата инкарнирана во марионетското трио: полицијата, црквата и училиштето. Земјопоседникот **КОЛОНЕЛ** исто така е сопственик на убавата **ЛАУРА** — неговата жена од интерес, бивша проститутка од борделите во Баија. Натаму, слепиот **КОЛОНЕЛ** е инкарнација на експлоататорската класа воспитувана во духот на Варгасовата диктатура која во своето време ја забрани африканската религија на бразилските Африканци. Покрај сите нив, во филмот, симболично се присутни и витезот осветник кој треба да го убие ѓаволот (фреската од почетокот на филмот) и светицата — водител и спасител на народот — облечена во бело — инкарнација на религијата.

Режисерот Роча со помошта на сите овие елементи го гради својот филм како мистериозен театар — изведуван во симболични ритуали. Тој и социјално-политичка парабола. Сповеосдно е некој вид народна опера но ред изјавата на самиот Роча — филмовите: **„ЦРНИОТ ГОСПОД И БЕЛИОТ ЃАВОЛ"** и **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"**, се прв и втор дел на иста тема. Првиот го евоцира времето на легендарните и тогаш живите кангасеири: Лампијао и Кориско, од триесеттите години во Бразил, додека филмот **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** е алузија на еден Бразил од шеесеттите години.

Роча, фактички, филмот **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** го базира на легендата за светецот Џорџ (Свети Ѓорѓи) и ѓаволот — која сè уште е жива во културата на селаните од Североисточен Бразил — поточно — во малото место **МИЛАГРЕС** — меѓу чии жители (како што читаме од шпицата на филмот) бил снимен **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"**. Во филмот, како и во фреската од почетокот — светецот (црниот коњаник) го убива змејот слепиот Колонел. На крајот, кога заблудениот Антонио ќе побара прошка од светицата, ќе се стави во служба на народот и одново ќе стане **КАНГАСЕИРО**. Тој ќе ги повика: учителот (инкарнација на политичката интелигенција, која свесно ќе треба да се стави во служба на народот) и попот (да ја чува верата на народот). Антонио ќе се бори поткрепуван од својот мистичен морал, а од учителот ќе бара да ја следи својата идеја.

Која е идејата на Роча? Онаа централната што се провлекува низ сите негови филмови и која кулминира во **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** (како што вели тој) е: револуцијата е тесно сврзана за народната, масовната култура (додека средната класа на Бразил се зема како корумпирана и декултуризирана елита која трча кон стандардот на империјалистичкиот медиум). Во меѓувреме бразилскиот филм е насочен кон таканаречениот синема ново, но, тој денешен филм во исто време ги рефлектира: масовната и среднокласната култура, исфрлајќи ги на површина контрадикциите кои ќе мораат револуцијата да ја означат како можност и како неопходност.

Дијалектиката на режисерот Роча не е дидактичка, нејзиниот елементарен хуманизам лежи во „вистинскиот" Бразил — составен од: Индијанците, Црнците, сиромашните, мистичните, виолентните и сентименталните. Сето тоа Роча го интензивирал и го сконцентрирал во една — „перманентна состојба на лудило". Селаните се прикажани во ритуалите со нивната оргиска природа, нивните карневали се одраз на извесна фрустрација, а сето тоа е мешавина од африканските ритуали и католичкиот церемонијал.

Глобер Роча, сè во овој филм става во служба на своето верување дека ултимативниот пат на јужноамериканските народи, кон отпорот на опресијата, лежи во нивниот мистицизам, во едно емоционално, дионизинско поведение, кое извира како мешавина на католицизмот и африканската религија. Самиот Роча натаму вели: „вистинските револуционери во Јужна Америка се индивидуите, луѓето што патат, кои не се вовлечени во теориските проблеми... провокацијата на суровоста, контактот со горчливата реалност, која може да произведе евентуални виолентни промени во Јужна Америка, тоа се пламените кои избувнуваат од народот кој пропатил, и кој сфатил дека потребата за промени е присутна — не од теориски разлози, туку заради „персоналната агонија".

Базирајќи се на присутната акутна симболика, режисерот Роча, формално — режиски, адекватно го гради својот филм. **„АНТОНИО ДАС МОРТЕС"** е синтеза од реторичен филм со нагласена вулгарност, пластичен во сликањето, барокен во приказот. Во него се исто така присутни музичките точки од ритуалите како и баладата за Антонио, потоа фолклорно нагласениот колор, музичкиот фон модулиран од гласови и песни и камерата која е во различна употреба. Со еден збор Роча остварил еден словевит, своевиден вестерн со очигледна поезија на виолентноста.

На идеен план режисерот Роча исто така нема да заборави на ангажираноста на својот филм. Затоа тој во завршниот кадар ќе го остави Антонио да оди по автопатот над кој летаат мршојадци, а присуството на амблемот на компанијата за нафта — Шел, е директна елузија на капитализмот, новиот змеј кој останува како свет за новите генерации на бразилскиот народ.

На крајот, не случајно би го спомнале и фактот дека филмовите на Глобер Роча извршија големо влијание во најновата творечка етапа на Годар. Затоа Годар во својот најнов филм „Источен ветер", во една секвица го остава режисерот Роча на една раскрсница, со раширени раце. Во овој филм Роча треба да претстава филмски Христос кој ќе го покаже патот до политичкиот филм. Според неговиот одговор патот се наоѓа во таканаречениот — филм на третиот свет. Некои наоѓаат дека Годар пејоративно го употребил присуството на Роча во филмот „Источен ветер", каде тој е прикажан како филмски месија. Ова се доведува во врска со острата критика што Роча му ја упатил на Годаровиот „Источен ветер", во бразилскиот филмски часопис „Манчет". Но, спорот меѓу Годар и Роча засега го оставаме за друг пат, за некоја друга компаративна анализа на нивните филмови. Во секој случај и овој пример, заедно со досега кажаното, говори за фактот дека режисерот Глобер Роча е мошне значајна режисерска личност, која има главен збор во современиот светски филм.

**БЛАГОЈА КУНОВСКИ — ДОРЕ**

# ЦРНО СЕМЕ ПО ОСКАР

**ТЕМА:** 1946 година, Егејска Македонија
силно влијание на Комунистичката партија
многу одреди на грчката војска преминуваат на страната на партизаните
големи чистки во редовите на грчката војска
тенденциозно најповеќе страдаат Македонците — геноцид
интернирање
острови
злогласни логори
отпори
потпишувања
судбини





**ИДЕЈА:** третман на маса

сдвоеност на луѓето
недоверливост
самотија
неорганизираност
идеологија, идеја, идејност
човек на човек
палка, јаже, пушка, пиштол,
камшик,
тортура, маченици,
убиства, стрелање, смрт умирање,
крв

**МЕСТО НА ДЕЈСТВИЕ:** пуст остров во Егејско море
на Балканот
во Европа
светот
суботија, камен пеколно сонце
логор





**ЛИЧНОСТИ:** ќелав човек

искомплексиран
тврдоглав
глава споредена со задница
човек кој што се чуди на сите страотии
кој што не може да ги сфати најразличните тортури
со некој чуден инстикт ја брани својата личност
симбол на Македонецот роден во туѓа држава
добродушен
човек кој што сака секому да помогне
резигниран
изгубен
осамен
сам





**КОМУНИСТ**

интелектуалец
учен
идеалист
храбар, силен, јак, издржлив
провокатор
разочаран во масата
загинува

**ДРУГИ ЛИЧНОСТИ**

— предавник
— капо
— мајор хомосексуалец
— и други





**СОДРЖИНА:** транспорт, камион, војници, пукање
касарна, испитување, изнудување на потпис
тепање, отпор
транспорт, брод, смрдеа, мачење
остров, камен, сонце, тортури
отпор
повторно тортури, мачење,
потпишување
лудила
повторно отпор
херојска смрт и
стоицизам



# Томас Мороовата утопија и јава

„Ништо нема на земјата да се спореди со него“
(Книга за Јов, гл. 41)

Би сакал да ве запознаам со луѓе кои ги почитувам.

Со некои од нив добро се познавам, со некои сум само познаник, а некои ми се пријатели.

Тие самите ќе ви се претстават, а јас ќе бидам само посредник.

Ако не сакате да останете само случајни познаници, и ако ви е ова прво среќавање со нив, обидете се да ги сретнете повторно!

Денеска на ред е приказната на морепловецот Рафаел за најдоброто уредување на државата и за новиот остров Утопија, која ја забележал Томас Мор.

Утопија која не постои е критика на државата која постои — Англија.

Мор (1478, Лондон) живее во периодот на т.н. „Заградување“ — овците ги јадат луѓето. Постојат „мрзеливи трутови“ кои живеат од трудот на своите колони. Тие живеат во раскош, прекумерност и расипност.

А оние што работат? — Земјоделците на разни начини ја губат земјата, осиромашуваат и бесцелно лутаат, залудо барајќи работа. За да живеат — крадат. А казната и за кражбата и за убиство е смрт. Но луѓето и понатаму крадат.

Општеството личи на оние учители кои ги тепаат децата наместо да ги учат. Децата лошо се воспитуваат и на тој начин општеството и ги создава и ги казнува криминалците.

„Голема неправда е на човек да му се одземе животот затоа што зел пари, бидејќи сметам дека ни сите добра на овој свет не вредат колку еден човечки живот“.

Таму каде што постои приватната сопственост, каде што сите се мерат со пари, тешко може да владее правда.

Платон го нашол единствениот пат кој води до општиот спас — а тоа е заведувањето на имотната еднаквост. На луѓето кои ги отфрлиле оние закони по кои сите подеднакво учествуваат во сите добра, Платон одбил да им создава било какви закони.

Инспириран од Платоновата „Држава“, Мор ја бара праведната држава.

На многуте нешта кои ги има во Утопија тој повеќе ги посакува отколку што ги очекува.

Островот има облик на полумесечина. Приодот на странците им е оневозможен со многубројните подводни гребени и карпи. Има 54 меѓусебно слични града. Секоја година по тројца искусни луѓе одат на советување во главниот град Амаурот. Низ него тече реката Аниде (Сува река). Куќите на секоја десетта година ги менуваат. Имаат мошне убави градини.

Секоја група од 30 семејства си бира старешина (филарх), а на десет групи семејства доаѓа профиларххот. Народот на филарсите им предлага четворица кандидати за владетел, а тие со тајно гласање го бираат најдобриот. Владетелот се бира доживотно, но може да биде сменет. Високите должности ги вршат најспособните. За државните работи не смее да се зборува вон сенатот.

Во Утопија сите работат и сѐ е заедничко. Со земјоделие се занимаваат сите без разлика. Освен тоа секој учи и по еден занает. Работат по три часа претпладне и три часа попладне; легнуваат навечер во 8, спијат 8 часа. Слободното време го користат како сакаат. Често се одржуваат најразновидни предавања.

Знаат само две игри — во едната победува поголемиот број, а во другата се води борба на порокот и добродетелта. Се води сметка за прирастот на населението и областите се изедначуваат. Ако островот стане пренаселен, дел од Утопјаните се селат на друго место и таму создава нова заедница по углед на старата.

Утопјаните сметаат дека е праведно да војуваат со некој народ кој само ја поседува земјата, но не ја обработува.

Кај нив нема лакомост. Сите носат скоро иста облека, а младите ги почитуваат старите. Најголема грижа се води за болните. Секој ручек и вечера почнуваат со читање на некое морално четиво. Ниедна вечера не е без музика.

Областите кои имаат поголем принос им помагаат на другите, а еден дел од вишокот на производите им се подарува на соседите.

Парите, златото и среброто не ги ценат. Напротив. Кај нив осудениците носат златни прстени, ланци и слично. Науката е мошне развиена. Приврзаници се на овоземското уживање, но разумно.

Добродетел е да живееш спрема природата — разумно. Лажни задоволства се: суетата, богатството, ловот на дивеч и птици и друго. Вистински задоволства се: задоволството од согледување на вистината, пријатноста од сеќавањето на добриот живот, како и сигурната надеж во идно блаженство.

Телесните задоволства се делат на два вида: оние кои создаваат сетилно задоволство и оние кои настануваат од непоматеноста и рамнотежата на телото, а тоа е здравјето.

Кај Утопјаните љубовта вон бракот е забранета. Неверството строго се казнува. Девојките не се мажат пред својата осумнаесетта година, а младичите не се женат пред својата дваесет и втора година.

Утопјаните за робови не ги сметаат ниту воените заробеници, ниту децата на робовите, а и ниедно лице кое би можеле да го купат. Кај нив роб станува оној кој заради некој злочин е осуден или оној кој во некоја друга земја е осуден заради злочин, на смрт.

Ја презираат војната, а војуваат само кога треба да ги бранат своите граници, пријатели или сојузници. Ја ценат победата извојувана со силата на духот.

Постојат разни вероисповести, не само во одделните краеви, туку и во секој град. Најголем дел од населението верува во богот Митра („Непобедиво Сонце“ — главно иранско божество, се спомнува првпат во XIV век пред нашата ера).

Меѓутоа Утопјаните ги напуштаат овие верувања и го преземаат учењето на Исус Христос — заради идејата на колективност.

Еден од најстарите закони пропишува — „Никој не смее да биде вознемируван поради своето верско убедување“. Кој ќе покаже нетрпеливост во верските расправи се казнува со прогонство или ропство.

Кај Утопјаните свештениците најмногу се почитуваат, но немаат никаква власт.

Имаат малку закони — „Во најлоша држава — најмногу закони“.

На едно место Мор својата „Утопија“ ја преведува со НИКАДЕ.

Да стапиме оттаму во Англија. Таму еден човек гледа дека државата ги искористува работниците додека се млади, а кога ќе остарат — ги отфрла. Освен тоа од нивните надници секојдневно им се закинува еден дел и тоа е озаконето.

Таму еден човек гледа дека владетелите повеќе сакаат да војуваат отколку да живеат во мир. Повеќе се занимаваат со освојување на нови земји отколку што се грижат за доброто управување во веќе стекнатите земји.

Таму еден човек — убиваат.

Тој човек е Томас Мор.

Заради сукобот со кралот Хенрих VIII Т. Мор е погубен 1535 год.

Радомир ВИДЕНОВИЌ

# ЕДНА УМЕТНОСТ, ЕДНО ВРЕМЕ



За тоа колку една сликарска мисла е вистината зборува обликот во кој таа почива. Нејзиното раѓање не почнува под удар на севозможните денешни сликарски прибирања, туку има длабоко континуирана врска со личноста од која е создадена, а преку неа и со феноменалните настани што природата ги покажува. Да се прати тој ток на чувство што неминовно треба да се обликува со боја и цртеж, значи безкомпромисно поддавање со сите чула на она што се случува вон вистинската творечка личност, а потем и на ехото во битието на творецот. Во тој миг почнува еден искрен чин на одбирање кое преку можностите на сликарот создава искрен и човечки говор со боја.

Последната есенска изложба на сликарските остварувања на ДЛУОМ е богата трпеза со занес чија моќ на убедливост е потпуно отсатна. Тоа е збир на севозможни формати и амбиции каде вистинскиот сликарски плод е само во желбите на „творците". Хаотично во својата постапка, таа недвосмислено покажува дека уметноста така „сигурни инструкции" во чии крвоток не присуствува искрениот жар со кој мора да се твори. Создадена како настап што треба да се проповеда сликарска уметност, таа обвинува и јасно покажува колкава е „сигурноста" кога еден наш сликар ќе се доближи. Необоривиот закон што уметноста љубоморно го чува е неделивоста на духот од материјата тогаш кога се гради и покажува целосно оформена сликарска мисла. Зошто инаку се би можело да се качи врз пиедесталот на сликарското творештво и се она што се случува на едно платно би престанала во своето магиско траење.

За голема среќа, цртежот во АЛТА МИРА сè уште трае во мигот кога ќе се види или почувствува со судбински подадено чуло. Се уште сликите што ги оставија МИХАИЛ И ЕУТИХИЈЕ вон од црквените канони се живи во својата визија чии магиски померувања и денес се тајна. Современоста во овие дела е вистината обликувана во јасна како солза сликарска форма. Таму не постојат компромисни судири со можностите на личноста. Едноставна во својот живот и докрај убедлива во својата илузионистичка моќ, таа таму, тогаш, овде, и денес трае.

Изложбата на ДЛУОМ тој поим на современост го прифаќа многу либерално и со преголемо уверување дека нашево време има „Наша оввремена уметност". Тоа водејќи во крајност која е потполно несмислена, говори дека современото и модерното во „ова временава уметност" може да да постои само тогаш ако од творечкиот чин создаде голем пазар каде ќе може секој да се послужи според својот сопствен избор, во кој непостои никакво траење.

„Современото и модерното" како поимување за духот на еден народ секојпат било, ништо друго, туку вистинска творечка личност што создава вистинско уметничко дело, а тоа трае за вјек и вјеков. Презентираните дела на изложбата тоа не го покажуваат. Тоа се најразлични сликарски махинации кои покажуваат неверовaтна претензија да се запишат во „современата светска уметност".

Истапувајќи пред себеси со лажна форма на надареност и невистинска љубов за сликарската уметност, тие воопшто и не покажуваат причина заради која биле јавно покажани. Јазикот на изложбата, неисчистен од основните закони НА ЕДНО ВРЕМЕ И ЕДНА УМЕТНОСТ, илустративен и површен не покажува ништо што би можело да се приближи кон надареното и судбински дадено сликарство. Конечно целата сликарска беседа почнувајќи од цртежот е гола конструкција на шаблонизирани форми со шаблонизирана хроматска „музика".

Сите тие платна во својот духовен раст носат несовладани проблеми како што се: бојата, цртежот, композицијата, а конечно и причината да се слика. Точно е дека единственото сликарско чуло на МИХАИЛ И ЕУТИХИЈЕ има свое обележје што е и право, за разлика од единственото во цртежот на АЛТА МИРА, но необориво е чувството што создава вистина кога овие творци се гледаат денес. Точно е дека живее и твори Пикасо, меѓутоа недозволено е да се заборави кое и да е платно на АНЖЕЛИКО или БОТИЧЕЛИ, од едноставна причина дека и тие платна траат во својата сопствена мисла и како такви ние ги примаме.

Оттаму отворената изложба и нејзините учесници се чинат непостојани во моќта да го согледаат големото во уметноста како неделив временски интервал. Во колку е возможно да се измисли нов облик на човек и човечки дух, нов свет (на пример тробгална топка) тогаш е можна нова временска илузија што исто така ќе се нарече уметност. Измислената слика не е слика. Измислената боја не е боја, измислен сликар не е сликар. Еволуцијата на творечкиот дух можна е само во својата постојаност со спротивностите што ги нуди природата, единствени во својата хармонија.

Беспричински не се создава, безсмислено не се живее. Тој чудесен внатрешен вриеш што сака да прерасне во уметност мора да има цел, и стремејќи се кон неа тој честопати може и фатално да заврши како физички процес; но тој трае. Оттаму голема е одговорноста јавно да се покаже едно платно, една скулптура, една графика, една мисла реализирана како уметност. Тоа најмалку значи дека нетреба да се отвараат изложби, напротив, секој таков настан е многу пожелен зошто тоа е вистинска фотографија за духовниот раст на една личност, на еден народ. Оној миг кога четката ќе го допирне платното, престануваат сите компромиси. Гледајќи ги изложените платна, се создава чувство за бегство во себеси, од созданија чија магичност не постои чии јазик е невистинит.

Ѓоргиевски Владо

## „Куба, колку си убава Куба

кога бев далеку те љубев силно,
сега кога си слободна,
ти и јас сме едно исто,

## Куба, колку си убава Куба“...

Ова се стихови од песната што, така да кажам, е неофицијална химна на Куба. Стиховите од Николас Гијен, ритам — прегон — се неа почнуваат и завршуваат сите веселби на овој навистина распеан карипски остров. Не случајно ги одбрав овие стихови како најава на овој сосем кус избор од поновата кубанска поезија — овие стихови карактеризираат една состојба што беше присутна над десетина години меѓу кубанските современи поети.

Најголемиот број од нив, сè до 1959 година се наоѓаше надвор од својата татковина, прогонувани од шпионите на Батиста. Еден дел од нив, веднаш по почетокот на Револуцијата, илегално се враќа во Куба и се вклучува во редовите на Фиделовите борци од движењето „26. јули“, а друг дел од нив се враќа во татковината по победата на Револуцијата. Сега сите тие заедно творат и работат за доброто на својот многу измачуван народ. Собрани се околу часописите „Револуција“ и „Каса де лас Американас“.

На Првиот конгрес на кубанските поети Фидел Кастро јасно ги зацрта патиштата по кои треба да се оди: „РЕВОЛУЦИЈАТА не смее да ја уништи уметноста и културата, туку треба да ги развива и да се бори уметноста и културата да стасаат до народот. Исто како што ние се боревме за подобар материјален живот на нашиот човек, сакаме тој наш работен човек да има и подобар живот на културен план.“

**РОБЕРТО ФЕРНАНДЕС РЕТАМАР** е роден во 1930 година во Хавана. Тој е редовен професор на Хаванскиот Универзитет „Алма Матер“ и главен уредник на часописот „Каса де лас Америкас“. По победата на Револуцијата неколку години работи во дипломатската служба, како културен аташе во Кубанската амбасада во Париз. Последниве години се наоѓа на чело на Здружението на кубанските уметници.

Од неговиот богат поетски опус ќе ги издвоиме песните: „Елегии како химна“, „Разговори“ и „Враќање на старата надеж“.

РОБЕРТО ФЕРНАНДЕС РЕТАМАР

## ОНОЈ ДРУГИОТ

Ние, преживеаните,
Кому му го должиме животот?
Кој наместо мене умре в зандани?
Кој куршумот за мене — го прими?
Куршумот за мене — во неговото срце.
Кој умре, за јас да живеам?
Неговите коски — во мене.
Ископани очи — мој поглед,
и рака — ни негова,
ни моја,
пишува:
Секаде е тој во оваа преживеаност.

## НЕИСЦРПНОСТ

Трепет посилен од соединување.
Сопатник поверен од осаменост.
Разговор побогат од тишина.
Стварност понеобична од сон.
Песна недостижна,
Вистина на денот и ноќта.
Небо и виножито од знаци.
Причина да се биде тука:
Гледаш, бескрајна и неисцрпна си
Револуцијо.

**ЛУИС МАРЕ** е роден во Гуанабакоа, гратче во провинцијата Хавана, во 1929 година.

Учесник е во револуционерното движење „26. јули“, што значи дека со пушка в рака се борел за слобода на Куба.

По триумфот на Револуцијата, Луис Маре активно се занимава со книжевна критика и работи како главен уредник во Кубанскиот радио институт. Објавил повеќе збирки поезија, од кои најзначајни се „Очи во свежината“ и „Песни“.

ЛУИС МАРЕ

## ПЕСНА

Друже, очите
не ги затворај.
Ти ќе го гледаш сонцето
без облаци, ако јас паднам.
Друже, мајка
да не е без градина.
Да има рози
и босилок, ако јас паднам.
Друже, пушката
стегни ја в раце
да не молчи таа
ако јас паднам.

**РОБЕРТО БРАНЛИ** спаѓа во редот на оние кубански поети кои долго време живеат и творат надвор од својата сакана земја, поети, коишто долгогодишната тиранија што владееше во оваа карипска земја ги натера да ја напуштаат својата татковина. Роден е во Хавана во 1930 година. По победата на Револуцијата се враќа на Куба и активно делува како поет, журналист и филмски критичар. Меѓу повеќето поетски збирки што ги има издадено највпечатливи се „Лебед“, „Зумбули на Душата“ и „Потпис на крвта“.

РОБЕРТО БРАНЛИ

## ПОЧИТ

На плажата Хирон,
истрел од крв.
Барут од сонце.
Суровост кон хероите.
На плажата Хирон,
одвај тивко.
Наскоро, крик од пушка,
митралез, артилерија
со звук на стрела.
На плажата Хирон,
во Сан Блас, смртта чука
меѓу бранителите на татковината.
Нема опасност:
песна на гнев,
скромен гнев
што колоните ги строи
во истрел од крв.
Татковина или смрт.

# 150-от РОДЕНДЕН НА ФЈОДОР

Град.
Улица.
Просјак.
Блудница.
Мрак.
Влага.
Таа крастава жаба!
Таа бушава коса!
Тој ракиски глас!
Беда!
Ох—!
А потем ти доаѓаш, тивко
Ти ја љубиш таа уста.
Ти полагаш рака на таа коса
Ти доаѓаш
Тивко.
Гласот се гаси.
Кикотењето умира.
Но јас врииснувам
Зошто сето тоа? —
Утре ќе биде сè исто!
Но не е сè исто.
Живее споменот на тебе.
На твојот Христосовски поглед,
Твојата Христосова тишина
Во сите нас кои не милуваше
во сите нас кои нè љубеше,
малечок брате.

ЕЛМЕР ДИКТОНИУС (1896)

„И најдолниот човек, заборавен од сите, е исто така човек и се вика мој брат“

Ф. М. Достоевски

Големите планини се согледуваат од поголема далечина. Големите писатели можат да се согледаат само со времето. И логично е прашањето дали 90 години се доволни да се согледа сета големина на Достоевски? Чувствувам дека ќе треба да поминат уште неколку века за да се почувствува сета негова моќ и големина, да се разбере и протолкува неговата порака. Денес ние можеме само да го насетуваме неговото дело и неговиот придонес кон цивилизацијата, но потребни се анализи и анализи за да се ископа од секој ред и од секоја мисла она суштественото.

Проценувајќи го неговото дело од „Бедни луѓе“ до „Браќа Карамазови“, и барајќи му го местото во светската литература, ја чувствуваме тежината на тој ум, на тоа непрегледно поле. Следејќи ги обидите на разни критичари да го најдат местото на Достоевски, се сретнуваме со една многу чудна, и многу оправдана коинциденција. Достоевски е во елитата — тоа е нормално, но интересно е дека покрај него редовно се наоѓаат Есхил, Шекспир, Данте, Гете (кај советските критичари и Толстој). Оваа коинциденција која всушност и не е, станува јасна кога во истиот облик се открива и кај Фјодор („Од културата и уметноста“). Кога ќе се посочи дека денес со Достоевски повеќе се занимаваат психоаналитичарите отколку литературните критичари, сè станува јасно.

Влечејќи ги корените на својата психоза уште од детството, Достоевски во својата младост го дооформува својот лик. Воден од идеите на Бјелински и Херцен, сочувствува во човечката беда и се приклучува кон напредните интелектуалци. Играта на судбината го донесува на суд и само случајот го спасува од стрелање. Прогонството во Сибир ги раѓа „Записите од мртвиот дом“ и воедно го стабилизира ликот на писателот. Враќајќи се од прогонство, за секогаш се откажува од револуционерните идеи (кои впрочем никогаш и не ги поседувал) и се посветува на идејата дека љубовта меѓу луѓето ќе доведе до нивна промена и со попустливост на оние во чии раце е моќта (економска и политичка) ќе се промени општеството и ќе се дојде до степен на општа благосостојба. Тоа е всушност и најголемата заблуда на Достоевски за која сите му забележуваат. За тоа Фројд вели:

> „Достоевски пропушти да стане учител и ослободител на луѓето, тој се придружи кон нивните занданции. Веројатно ќе може да докаже дека тој заради својата нервоза бил осуден на ваков бродолом. Со оглед на неговата интелигенција и силата на неговата љубов према луѓето, би му бил отворен еден друг, апостолски животен пат.“

Додека советските теоретичари (за жал само литературни) проблемот на идејната деградација на Достоевски го согледуваат во неговото месијанство и го образложуваат со неговата мисла за „неприродност на револуционерното насилие“, Фројд тоа го образложува со мазохизмот на Достоевски кој произлегува од неговиот садизам — „во малите работи садист према надвор, во големите према внатре“. Интересно е дека и Тургењев го нарекува садист — „руски облик на Маркизот де Сад“ врз што неговата жена Ана Григориевна Сњиткина се згрозува и го слика како олицетворение на добрината и великодушноста.

Сите овие карактеристики се сретнуваат кај јунаците. И тука постојат шпекулации и опречни теории. Расколников е гневен човек кој нееднаквостите во општеството ги решава сурово (со убиство), значи прифаќајќи еден од начините на револуционерното менување на работите, тој станува како единка против општеството. Неговиот крај носи и длабоко покајување што произлегува од неговото преиспитување. Коинциденцијата со судбината на Достоевски (пред прогонот во Сибир и по неговото враќање) секако не е случајна.

Во „Идиот“ кнезот Мишкин во својот алтруизам станува поголем човекољубец и од Исус Христос, без капка егоизам тој пропаѓа или поточно тој е предодреден да пропадне. Мишкин е уште една коинциденција со Достоевски. Тој е болен „од неизлечива болест“ по сè изгледа пак се работи за епилепсија. Познавајќи ја таа психологија Достоевски брилијантно навлегува во потсвеста на Мишкин и како никој дотогаш (а ни после него) ги објаснува, слика кризите низ кои поминува Мишкин. Тука се и насетувањата на Мишкин кои му го спасуваат животот. Неоспорна е коинциденцијата меѓу античките пророчици, Мишкин и Достоевски. Идејата за епилепсијата е како „светла болест“. Мишкин точно ја претскажува судбината на Настасја и Рагожин. Таа идеја е всушност и инспиратива за Рене Филип — Милер да пишува за „Светата болест на Достоевски“. Уште поинтересна е анализата на Мишкин од Фројдовски позиции и покрај тоа што Фројд не ја направил, врз основа на неговата теорија „бегање во болест“, се чувствува дека Мишкин во секоја ситуација која е деликатна за него (или опасна) бега во болест. Оттука оправдани се и мислењата дека кај Мишкин не се работи за епилепсија, туку за хистерични напади или, према Фројдовиот термин „епилептична реакција“. Се чини дека до сега ниту психоаналитичарите, ниту писателите не успеале да го надминат Достоевски во ова.

Како круна на творештвото на Достоевски се јавуваат „Браќата Карамазови“, по Фројд „највеличествен роман кој е напишан кога и да е.“ Романот е неповторлив во неговата порака, во неговата осмисленост, длабочина и мајсторство. Во светот на уметноста такво дело не е створено до сега. Брилијантното обработување на ликовите, ширината на тие ликови, динамиката на романот, навлегувањето во психата, ситуациите и судирите, драматичноста, го чинат делото неповторливо. Контрастноста на карактерите, судири помеѓу нив, се инспирација на многу критичари и психоаналитичари. Би бил потребен огромен простор сите тие да се сумираат. Дури и кога би го напишал само овој единствен роман Достоевски сепак би бил неповторлив и единствен. И овде е присутна неговата личност. На едно место во романот тој вели: „Најнеопходна е сопствената личност да се спротистави на сопствената стварност.“ Неговото задлабочување во психата на јунаците достига до такво совршенство што Иван зборува со својот призрак (слободно интерпретирано — со својата потсвест), а меѓу него и Смердјаков постои говор познат само за нив двајцата. Достоевски со единствениот роман кој не морал да брза да го напише, се оддолжил на човештвото и воедно го направил свој должник. Без елементарен творечки спокој, гонет од издавачите од типот на Стеловски кои го гонеле на една истоштителна работа, од која фамилијата му ја земала и последната копејка, секогаш беден и секогаш пребогат (кога нему му давале хонорар 150 рубли, Тургењев и Гончаров примале по 500.), тој спокојно умира. На едно место во „Карамазови“ тој вели: „Си отидов од гордите и се вратив кај смирените, заради среќата на тие смирени“. Сега на 150-годишнината на неговото раѓање кога е возвишуван од сите, кога се пишуваат песни за него како што е оваа од Елмер Диктониус, јас му благодарам вака за сите бели ноќи проведени со него, со големиот пријател на фантазерите, на повредените, на понижените, на Фјодор.

СТАВРЕ НОЛЧЕВ

# ШТО ЗАПРАВО Е:

доказ за постоење на концентрација на сили
манифестација на вечниот човеков немир (желба) за послушност
деградација на полемиката како метод за осознавање на вистината
„јас знам сè“
потврда за запоставеност на човековото мислење
роднина на хируршкиот скалпел
усовршена ластегарка
криза на слободата
средство за исправање на мозочните вијуги
алтка на соцреализмот
прв придружник на студентите
форма на демократскиот централизам
непобитен доказ дека силата и разумот се единство на спротивност
средство за остер дијалог
реквизит на здравото општество
реализација на правдата низ широките народни маси
доказ дека ќотекот е излезен од рајот
„Пендрекот тоа сум јас“ — француски жандар од 19 век

**ЗОШТО СЛУЖИ:**

за докажување на невиноста на државата
за да идеалите добијат материјален изглед
за пријателско убедување
да се избројат сите ѕвезди
за посочување кон правиот пат
за исправање на деформациите
како столб на демократијата
за рекреирање на телото кога се рекреира духот
да се платат идеите во натура
за месење жилаво тесто
за објективно доживување на субјективната стварност
како цвеќе во вазните на политичарите
за прочачкување на ушите на оние кои не слушаат
како лек за смирување

**УШТЕ НЕШТО ЗА ПЕНДРЕКОТ**

среќни се оние кои го имаат — тешко на оние кои го примаат
пендрекот е нашето најголемо богатство
добар пендрек и железна уста отвора
дајте ми добар пендрек и ќе го испревртам светот — Архимед
каде ќе падне мисла не никнува — само џмучка

**НАРОДНИ ПОГОВОРКИ И ГАТАНКИ ЗА ПЕНДРЕКОТ**

арно е чоек веднаш ништо да не зборуа, дури не бројат десет по грб
видоф, не видоф, чуф, не чуф
пендреко стопано го менуат, а ќутта не ја менуат
кај сила правина нема
бежанова бело носи а стојанова сино
пендреко коски нема, коски крши
беки беки бекчиња, со црни кожувчиња кога беки бекне тогај мртви стануваат
долг тодор по плеќи
заби нема а апе
јас ти кажувам а ти пак не го знаеш

**ОДА НА МИЛИЦИОНЕРСКАТА ПАЛКА**

единствена без да бидеш или не си ти
со дршка без цвет слободата се кити
кога е таа во наша близина
најблиску сме до некаква вистина
запејуваме и масовки се слушаат
диригентите со неа на хорот му диригираат

Милован Витезовиќ

**ПЕДРЕЦИ НА ЦЕЛИОТ СВЕТ — РАЗЕДИНЕТЕ СЕ ! ! !**



# АФОРИЗМИ

АФОРИЗМИ

АФОРИЗМИ

* ЖИВЕАМ ПО „ЈУС" НО И ПОКРАЈ ТОА ОСТАНАВ „КУС"

НИЕ ГО ЦЕНИМЕ ДИНАРОТ НО ТОЈ НЕ ПОТЦЕНУВА НАС



Додека едни лансираат ракети ние лансираме мерки во макети

МИ ВЕТУВААТ ПОДОБРО УТРЕ, А МИ ГО ЗЕМААТ ПОДОБРОТО ДЕНЕС



ЧОВЕКОТ Е ЧОВЕК ДОДЕКА Е ВО ЕДНИНА, ПОТОА СЕ ЗАМЕШУВА МЕЃУ ЛУГЕТО

ТЕМПЕРАТУРАТА СЕ СПУШТА ПОД НУЛА А ЦЕНИТЕ ДОБИВААТ УШТЕ ЕДНА НУЛА

МИТО ФРЛАШ ЗАД СЕБЕ $ А НАОЃАШ ПРЕД ТЕБЕ

Човекот - како тоа гордо звучи како фраза

ВЕРУВАМ ВО ЕДЕН ГОСПОД ЗАТОА КОН ДРУГИТЕ СЕ ОБРАЌАМ СО "ДРУГАР"





ПОЧИТУВАЈ ГИ ПОСТАРИТЕ. УТРЕ КАЈ НИВ ЌЕ БАРАШ РАБОТА



ПУШТИ СИ ГИ НОЗЕТЕ КОЛКУ ШТО ИМАШ ЗНИРАНТИ

ЗАМАТИЛ: Петров

* МОЛЧЕЊЕТО Е ЗЛАТО НО НЕКОИ МОЛЗАТ И ЗА ПАРИ *

# ШЕСНАЕСЕТ ПРАВИЛА ЗА ДРОГИРАНИТЕ СКОПЈАНИ



## 1

... Поминувајќи со твојата кола им заппуваш на саканите в око и тие те збркнуваат. Пред сè, како прво и златно правило — **ЗНАЈЃИ ТВОИТЕ ПРАВА**, знај ги законите. Биди ладен, брз и сигурен.

## 2

Не вози со изгаснати светла, освен ако си приготвен на средба со цајканите. Ако имаш дрога во колата, ако не ти се вред возачките документи, ако фрлаш отпадоци надвор од колата, знај дека самиот ќе викаш узбуна. Ќе те притераат в ќоше за кршење на сообраќајни правила, а потем може да те распалат и за друго.

## 3

Ако ти сигнализираат да застанеш, застани. Необидувајсе да побегнеш, освен ако не си сосем сигурен дека можеш да ги наттркаш. Инаку, ќе се замешаш во гадна каша.

## 4

Кога ќе ти ги побараат личните документи и сообраќајната дозвола, подај им ги за да се уверат дека колата не е украдена, или вмешана во некој криминал. Биди учтив и прави како што ти велат. Може да те обвинат и за одбивање да го сториш тоа.

## 5

**НЕ ФРЛАЈ ДРОГА НИЗ ПРОЗОР.** Цајканите тоа и ќе го претражуваат на патот.

## 6

Не носи повеќе дрога одошто можеш да потрошиш. Најдобро место за чување е во долната облека или чевелот. Не ставај ја под седиштето или во џебовите од колата — тие се првите места кој ќе бидат претражени.

## 7

Никогаш не оставај дрога или догорчиња во пепелниците.

## 8

Уште пред да бидете застанати измислете сите во колата дека една иста приказна за тоа каде одите или зошто сте се паркирале (одите на забава кај пријател, или пак сте застанале да јадете).

## 9

Ако почнат да те распрашуваат прашај дали си под притвор. Ако си, прашај ги за обвинението. Но ако речат не и покрај тоа пак ќе те прашуваат, речи — „Не се согласувам на претрес". Гледај притоа да имаш сведок кој ќе потврди дека си го рекол тоа.

## 10

Легално овластени се да те претресат поради оружје. Но тоа значи само надворешната облека, а не и џебовите.

## 11

Е сега, ако си оставил оружје или дрога на видно место во колата, братче, господ да ти е напомош. Тие имаат легална причина да истражуваат. Ќе побараат од тебе да излезеш од колата, но ти прависе на три половини и прашај „зошто", но внимавај — биди учтив. Во секој случај поарно, немој да одбиеш.

## 12

Не помагај им многу, многу во истрагата. И така, и така тие можат да те натераат на нешто неправилно, па пак да одговараш во суд за одбивање на помош во претресот. Ти биди си љубезен и учтив, па тоа нека им служи нив на чест.

## 13

**НИШТО НЕ ПРИЗНАВАЈ.** Ќе се обидуваат да те натераат да зборуваш со тоа што ќе ти велат дека колата ти е вмешана во некој злочин. Но ти само молчи и речи: „Немам ништо да изјавам додека не се видам со мојот адвокат". Ако е работата толку згусната, ти ќе имаш право на бесплатен бранител доколку немаш свој.

## 14

Можеби ќе ти кажат два три збора за твоите права да молчиш итн., а исто така ќе ти дадат да потпишеш дека си обавестен за своите права. **НИКОГАШ НЕ ПОТПИШУВАЈ НИШТО.** И така не мораш.

Најверојатно, не ќе можеш сега да им ја киднеш. Затоа и немој. Со тоа ќе те обвинат за обид за бегство при апсење. Но ај да ти кажам дека тие би можеле да те обвинат за тоа и онака, ако им се сака.

## 15

**ЗАПОМНИ СÈ ШТО СЕ СЛУЧУВА**, кој што рекол и кога. Земи ги броевите на беџевите од цајканите кои те фатија.

## 16

Не прави се важен и биди ладен. Ќе се однесуваат кон тебе спрема твоите ставови и начинот на кој изгледаш, и како постапуваш.

Е, па со среќа. Белки ќе се видиме во некоја од милициските станици.

**ОСЛОБОДЕН ЧУВАР**

# К'ОШЕСТО КИБИЦИРАЊЕ



Новата година решивме да ја нечекаме кај Мира Уганда, зашто имаше две бањи и живееше на Водно па понадвор можевме да одиме со поглед на Скопје, а и не постоеше опасност да се заглавиме сите на едно место како во WC. Тоа е комплимент за Водно а означува дека Водно е големо брдо. Условот беше да ги отштрафи рачните тушови од бањата зашто неколку пати така пијани сме се засбале мислејќи дека тоа е телефон и си пуштавме топла вода во уво кога вртевме бројки, а да бидам искрен како фрижидер од 120 литри очекувам да поминам генијално мртво како на Сафари. И да фатам нешто и да ме фатат за нешто. Друштвото беше крајно лево меѓу кои јас бев главниот секс. Краток ценовник на друштвото и пансион ќе ви го насликам со следните неколку кенгурски типови и имиња:

Јозо, — наречуван дупла доза, Цуле ТБЦ (тешко без Цуле), Мире — перверзија со Ана, Зорка — анкула со гештачки вилици, Љупчо — прва придружничка на убавицата Маре, Лиле Уганда (татко ѝ беше амбасадор таму), Виолета — руски телевизор (стално зборува без кварови), Јове — реклама за ѓус од домати, Тања — Герила (вика дека би можела да го збори дури и Че Гевара ако беше жив), и јас како што кажав главниот секс во друштвото. Нарачавме и уште неколку сирачиња за да има со кого да се бацуваме за Нова Година и толку. Така медитирав за мед и млеко и поминување на Новата година а Карло Велики (професорот по историја) ме стана и ми натепа кец без предиспозиции. Не му се лутев на Карло зошто бев до даска позитивно расположен, а и имав среќа тој ден. Не бев спремен од пет предмети, а добив само три кеца. Ќе добиев јас уште еден ама го замолив професорот да не ме аскинг зошто за повеќе од два кеца фадерот дома ми прави коњички скокови на моја индивидуалност или ми дава тепање на кредит, а тоа може многу лошо да се одрази на мојата психа. Тој до мене, плепсот, се искезил од смеење како поштенско сандаче кога му вират честитки пред Нова година. Го знам што марка поштенска е. Одвај чека да добие добра оцена. Веднаш трча дома и правец на слатко од шифоњерот. Користи кужва. Додека на мајка му ќе ѝ текне да избрише раце од перење алишта и да го баци, отиде пола тегла. Потоа сме на иста бандера. Ќе го истепаат зошто им го изел слаткото за Нова година. Плепс. А мене мајка ми ми плаќа пари за биоскоп само да јадам.

Кога стигнав дома баба ми се жалеше дека ја вртат колената како рингишпил, а ја вртат во последно време, не да не. Изгледа многу атмосферски падавини има. Од сите извештаи од Хрватска најмногу ја интересираат метереолошките. Вели кога таму времето не е добро и има падавини како последица на тоа нејзе водата во коленото ѝ замрзнува под ниски температури. Ама малер ја тепа со тоа паѓањето. Паѓа како владите во Африка. Нема ден а да не се изравни со нивото на тротоарот, под услов да има падавини од снег. Биле и на доктор по тој повод. Одвај го дочекале. Тој на сестрата ѝ давал хитна трансфузија па не можел навреме да стаса. Кога се врати баба ми поблесави од фалење колку медицината напредсвала последните половина век. Кога имала дваесет години ја соблекувале за да видат што ѝ е а сега сега докторот само ќе ѝ стави едно даскиче во уста а таа ќе рече а.

— Големо или мало? Ја запрашав висејќи на кауч и стрижејќи ги ноктите.

— Што големо или мало синко.

— Па големо А или мало А те праша да речеш?

— Марш идиот конзервиран, вакво расипано дете немало од ослободување до денес. Боже прости.

Ги фати иглите за плетење и почна да мафта како јапонците кога јадат резанци. Во тој момент улета мајка ми така што немав време ни да се спротиставам а мајка ми ме издекерира како новогодишна елка, те некои тиндири миндири, те сатче со ланче, те леви Ешколи . . .

. . . Ќе ме праќала кај тетка Дока да ѝ честитам Нова година. Ава е шанса во шеснајстерац да ви ја опишам мафијата што оди кај тета Дока. Тоа се живи водопади од хумор. Сите ја сакаат а им вади заби како Џулијано Џема пиштолите. Нели не е штос некој да ти извади заб а ти да го бациш за тоа. Тргнав со апетит зошто одамна немав гледано хумористична серија на телевизија. Кога стигнав се паркирав да видам низ клучална дали некој тренира оперски арии на забарски стол. А гледаш тоа а гледаш „оф Џалтута" ист штос е. Тетка Дока освен заболекар специјализирала и бушење нафта, ама не најде работа зошто не ја бараше. Немаше ни што да бара. Колумбо најде Америка. Да знаете само каква нација оди кај неа? Уште Лиз Тејлор и Рич Бартон ѝ фалат. Сè некои квачки со лисици околу вратови и после единаесет саат. Ќе дојде мода па лисиците од вратот околу раце ќе ги носат. А парфеми, разни ѝ мирисаат како продавниците за бои и лакови „Ангро кожа и гума". А тета Дока само вади заби и дели автограми. А сите ја сакаат, златни на тета Дока.

. . . некој отвори врата и ме најде во незгодна положба како зверам низ клучална.

— А кој е тоа, кој е тоа? . . . Влези влези, зошто стоиш.

— Тета Дока јас . . . !

— Ако ако . . . Не бери гајле, бери бостан . . .

Ме седна на столот и ми натепа некоја дрога со шприц. Почнав нешто да пљампам без врска. Ситуацијата беше пред Дака. Дупла доза вилицата не ми работи . . . Двајца ме фаќаат за раце а тета Дока за заб . . . И . . . СРЕЌНА НОВА ГОДИНА. Јас ги . . . (цензура) . . . сите ѕвезди од хороскоп и некои филмски. Да не беше Горазд ќе излезев низ лавабо од збунетост . . . Па после биди фин и оди да честиташ некому Нова година.

ГРАДО


ТРЕСКА"